USAID FROM THE AMERICAN PEOPLE

RURAL DEVELOPMENT NETWORK OF NORTH MACEDONIA

# МЛАДИТЕ СЕ ИДНИНАТА НА РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ

- насоки и мерки за нивна поддршка –

(Проф. Д-р. Емељ Туна/Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје)

*„Младите се иднината на руралните средини и производството на храна, но тие често пати се дел од најранливата категорија на население кое се соочува со недостаток на основни ресурси што резултира со нивна интензивна миграција и со тоа трајна депопулација на руралните средини"*

**Со цел раскинување на суровиот циклус на напуштање на руралните средини заради рурална дисклузија, сè поизразената сиромаштија и нееднаквите можности за младите во руралните средини, потребни се правилни насоки и мерки за нивна поддршка!**

## Но најпрвин! Кој сè може да се карактеризира како млад?

**РУРАЛНИ СРЕДИНИ -** Сите населени места кои се под 30.000 жители (мали градови и селата) се сметаат за рурални средини (МКД, ИПАРД).

- Според Обединетите нации (ОН, 1985) младите луѓе се оние кои што спаѓаат во возрасната категорија од **15 до 24 години**
- Еуростат категоризацијата на млади ја вклучува рамката од училиште до вработување, на поединци од **15 до 29 години** (EUStat, 2024)
- **Млади во рурални средини - Жители на возраст од 15-40 години кои што живеат во населени места под 30.000 жители!**
- **Млад земјоделец -** Повеќето национални и програмите за ЕУ за млади земјоделци ги категоризираат како млади земјоделските производители од 18 до 40 годишна возраст.

Рурални области ≈ 89%

Рурално население 38,4%

## Структурата на руралните средини во Северна Македонија

**80 општини: 1783 населби вклучувајќи 34 градови и 1749 села (ДЗС, 2022)**

- Според Пописот на населението од 2002 година, бројот на ненаселени места изнесувал 145, односно 8,5%. Овој бројот се зголемил во 2021 година на 205 ненаселени места, односно 11,5% од вкупните регистрирани според последниот попис од 2021 година.
- Просечната густина на населението е умерена - 71 жители на квадратен километар, со највисока концентрација во скопскиот регион.
- Освен во Скопскиот регион, каде што падот на наталитетот изнесувал околу 15%, во последната декада се забележува опаѓање на наталитетот од околу 30-40 % во

сите останати региони (највисоко во Источниот регион). Најголемо учество во однос на вкупниот број раѓања има исто така во Скопскиот регион со 39,6%, а сразмерно на тоа, најмало во Источниот регион со 6,6% (МакСтат, 2024).

- Околу 36% од руралното население спаѓа во возрасна категорија од 15 до 40 години. Според официјалната статистика, процентуалното учество на руралните млади во вкупното рурално население постепено се намалува, односно од 38 проценти во 2016 година на 35 проценти во 2020 година (годишно намалување од 1 % во возрасната категорија од 15 до 29 години на рурална младина).

## Се намалува учеството на младите во структурата на населението во руралните средини – возраста на населението континуирано расте!

## ПРЕДИЗВИЦИ: Зошто е неопходно да се преземат мерки?

### 1. Стареење на населението

Просечна возраст на населението = 40 години

Просечна возраст на носителите на земјоделски стопанства ≈ 55-60 години



### 2. Економски перспективи

**Помалку работни места во руралните средини**

Уште помалку можности за младите и жените во руралните средини!

Поголемиот дел од економски активното население во земјата е сконцентрирано во градовите.

### 3. Образование

**Неусогласеност меѓу образовните програми и потребите на реалниот сектор, надополнети со недостатокот на стручно образование**“

За младите од двата пола, главната движечка сила за надворешно миграција е **недостатокот на образовни и економски перспективи во руралните области.**

Во последните години се забележуваат повисоки просечни стапки за женското рурално население кое го предвреме го напушта образовниот процес.

### 4. Ограничени или недостаток од пристап до ресурсите

Иинфраструктурата (градинки, центри за грижа за стари лица...) и транспорт, како и ограничена подвижност на луѓето од руралните области.

***„Земјоделството сѐуште главен извор на приход за жителите на руралните средини“***

### 5. Структура на носителите на земјоделските стопанства

**Според структурното истражување на ДЗС од 2016:**

- **Под 35 години: 4% (7.254 лица)**
- 35 – 54 години: 34% (61.724 лица)
- Над 55 години: 62% (111.268 лица)

Според податоците од Единствениот регистар на земјоделски стопанства (ЕРЗС) **само 14% од земјоделските производители се млади земјоделци до 40 години**

**Помладите генерации не сакаат да продолжат со земјоделството поради неговата лоша репутација:**
Ниска профитабилност, недостаток на пристап до земјиште, ограничен пристап до финансии и перцепцијата дека земјоделството е тешка физичка работа – **ПОТРЕБА ОД ЗАЈАКНУВАЊЕ НА УЛОГАТА НА МЛАДИТЕ ВО СИНЏИРОТ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ХРАНА и ОЛЕСНУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ ДО РЕСУРСИ И КАПИТАЛ!**

***„Руралните средини имаат намалена компаративна атрактивност во однос на градовите, особено за младото работноспособно население кое мигрира“*** *(НСЗРР, 2017-2024)*

## МИГРАЦИЈА

(Е)МИГРАЦИЈА = помалку луѓе да играат активна улога во нејзината заедница

- Социјалните мрежи и врските се ослабени = слабее локалната база на културен капитал на руралната заедница
  - Помалку активни луѓе во руралната економија
- Има директно и индиректно влијание врз демографското стареење заради доминантната застапеност на младите и зголемувањето на бројот на родените во странство = ТРАЈНО ИСЕЛУВАЊЕ

**Миграцијата и емиграцијата од руралните средини е сè поевидентна!**

- Вкупниот број на македонските државјани низ целиот свет во периодот 2010-2020 година се зголемил за повеќе од 160.000 лица!
- Млади (возраст 15-29) = 23,4% (2020 година)

## ИМПЛИКАЦИИТЕ ОД МИГРАЦИИТЕ?

***Миграциите се тренд кој се очекува да продолжи, особено кај помладите генерации!***

- Уште поголрм проблем во овие **континуирани високи стапки на емиграција е фактот што се селат квалификувани и високообразувани млади** (но и цели семејства), што претставува значајна развојна пречка за демографските и економските перспективи на руралните средини и државата.
  - резултира со **големо нарушување на пазарот на трудот** со недостиг на квалификувани работници, особено евидентен во руралните средини и во земјоделството - ги обесхрабрува потенцијалните инвестиции.

- **Последиците од емиграцијата во странство се многубројни и и комплексни** и влијаат на демографијата, човечкиот капитал, расположливата работна сила и пазарот на трудот, образовната и научната дејност, социоекономскиот развој, здравјето и животната средина.
- **Миграцијата од руралните во урбаните средини е првенствено мотивирана од желбата за подобро образование и/или можности за вработување во градовите** Најзабележителен тренд во домашната миграција е забележан кај **жените од возрасната категорија 15-29 години**.
- Емиграцијата е најчесто условена од желбата за подобра заработка, но сѐ почесто е мотивирана и од **недовербата на младото население во политиките, институциите и иднината на земјата**.

## ВНАТРЕШНИ МИГРАЦИИ

Надворешните миграции во голема мера ги надвладејуваат внатрешните преселби во Република Северна Македонија. Во околности на релативно пониско ниво на развиеност на сите региони освен Скопскиот, а со тоа и намалени можности за вработување и погодни услови за живеење, потенцијалните внатрешни миграции се трансформирале во емиграција во странство. Во **период 2014-2019 година,** во континуитет преовладуваат доселувањата во градовите, а со тоа и позитивното миграциско салдо во градските подрачја. Вкупниот број на внатрешни мигрантите = **24.761 лица**, од кои: **5.849 лица се преселиле од град во село, а 9.508 од село во град.**

---

**Повратната миграција на граѓаните на Северна Македонија што престојуваат во странство останува на ниско ниво. Најголем дел од повратниците се во групата на млади од 15 до 29 години, како и помладо средовечно население (30-39 години), лица со завршено најмногу средно образование.**

---

Во 2022 година, салдото на доселени и отселени лица е негативно за селското населени (Графикон, ДЗС – 2023)




## Главни области и предлог политики/активности за подобрување на состојбата за младите во руралните средини

- **ИНФРАСТРУКТУРА** – неопходни инвестиции во основната инфраструктура (патишта за поврзување, мобилност и подобрен квалитет на живот, здравствени и образовни услуги, добра интернет конекција).
- **ОБРАЗОВАНИЕ** – Обновување на наставната програма: Развивање ажурирани наставни програми во руралните области за усогласување со потребите на пазарот на труд, промовирање на стручни и практични обуки за вештини.
  - ✓ Обезбедување на системи за поддршка, како што се услуги за насочување во кариерата, советување и програми за менторство.
  - ✓ Локалните заедници треба активно да учествуваат во развивањето на овие програми за да се осигури дека тие одговараат на локалниот контекст.
- **ВРАБОТУВАЊЕ** - Воведување активни политики за вработување со модерен пристап заснован на факти при евалуација и следење на политики кои промовираат претприемништво и привлекуваат инвестиции во руралните области, но и прилагоден пристап за различни региони во земјите/териториите.
  - ✓ **Засилена поддршка преку Младинскиот гарантен фонд**: Воведување специфични мерки за поддршка на потребите на младите од руралните средини.

## МОЖНОСТИ ЗА МЛАДИТЕ ВО РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ

Недостатоците на руралните средини во голем степен влијаат на одлуката на руралната младина да го остварат своето образование/вработување надвор од нив.

- ✓ За таа цел ни се **потребни политики и мерки кои примарно ќе им ги подобрат условите за живот на младите во руралните средини**, да се намали сиромаштијата и да го поддржат земјоделскиот сектор кој што сѐуште претставува главен извор на приход за руралното население.
- ✓ Неопходно е да се размислува за **Стратешки документ за младите во руралните средини** – опфаќање на специфичните потреби на оваа категорија на младо население, со конкретни мерки, чекори и модели за подобрување на квалитетот на живот и спречувањето на иселувањето и мотивирање на процесот на рурализација (демографско обновување на руралните средини).
- ✓ **Национална поддршка за не-земјоделски активности:** не смеат да се занемарат и разновидните можности во не-земјоделските активности кои можат да помогнат во намалувањето на стапката на миграција на младите од руралните области - Спроведување на национални мерки кои поддржуваат иницијативи фокусирани на создавање на работни места за поддршка на руралната инфраструктура, стручни обуки, пристап до здравствена заштита и проекти за развој на заедницата.
  - **Синергија со останатите мерки за рурален развој!**

1. ПРИСТАП до ресурси

Политики и програми кои се приспособени да ги задоволат потребите на младите во земјоделството и руралниот развој (кои обезбедуваат пристап до клучните ресурси како што се земјиште, кредити, технологија, образование) – мерки за поттикнување на трансфер на имот и земја на женски наследници.

3. ГРАЃАНСКИ АНГАЖМАН

Активно учество во одлучувањето заради зголемена доверба во јавните институции:

- младите луѓе се чувствуваат исклучени – **ПОТРЕБА од рурални младински платформи/здруженија, синдикати, центри ориентирани кон застапување на потребите на младите во руралните средини.**

2. ПРЕНОС НА ИМОТ за демографска обнова

Политики и мерки за поддршка и мотивација на полесен и побрз трансфер на имотот и земјиштето на помладата генерација, придружено со помалку комплицирани процедури, администрација и јасни насоки.

4. ДИВЕРЗИФИКАЦИЈА на активностите во руралните области

Демографското обновување на руралните области треба да понуди решенија во однос на земјоделството, но и да вклучи поширок опсег на сектори и меѓусекторски активности кои можат да доведат до позначителни иновации, претприемништво и можности.

- ✓ Инспиративни и успешни примери од земјата и странство за земјоделски и не-земјоделски бизниси во руралните средини.
- ✓ Поддршка на мали, иновативни бизнис идеи за самовработување

Овој документ претставува кус осврт на ситуацијата, можностите и за политиките кои што ги опфаќаат и се однесуваат на младите во руралните средини (Policy brief). Истиот е базиран на податоци достапни во различни извештаи на Државниот завод за статистика на Северна Македонија, вклучувајќи одредени заклучоци и предлог политики и мерки кои произлегуваат од резултатите на драфт Студијата за млади во руралните средини во Северна Македонија, изработена од SWG, 2024 (Туна, Е., Јанеска-Стаменковска, И., и Симоновска, А.)

**Користени извори:**

ДЗС: 2017. Структурно истражување за земјоделските стопанства 2016. 30,01,2017. Бр. 5.1.17,01; 2022. Миграциите во Република Северна Македонија - Профил на земјата. Меѓународна организација за миграции. ISBN 978-92-9268-435-8; 2024; МакСтат 2024; ЕРЗС, 2020. Единствен регистар на земјоделски стопанства (МЗШВ).